Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа НАЦИОНАЛНА ОПЕРА И БАЛЕТ
Institucioni Nacional-OPERA DHE BALETI NACIONAL
Бр.-Nr. 01-3760/1
21.10 2024 год.-viti
Скопје-Shkup

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработени во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр.27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/2019 и 14/2020), и член 28 став (2) точка 5 од Законот културата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 31/1998; 49/2003; 82/2005; 24/2007; 116/2010; 47/2011; 51/2011; 136/2012; 23/2013; 187/2013,44/2014, 61/15, 154/15, 39/16, 11/2018 и 11/18), директорот на Националната установа Национална опера и балет, донесе

# ПРАВИЛНИК
## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Националната установа Национална опера и балет

Член 1

Со овој правилник се вршат измени во Правилникот за систематизација на работните места во Националната установа Национална опера и балет, со архивски број 01-1685/3 од 27.08.2020 година, 01-1685/4 од 14.09.2020, 01-1685/5 од 20.11.2020, 01-545/1 од 22.02.2021, 01-545/3 од 22.07.2021, 01-100/1 од 17.01.2022, 01-100/2 од 01.04.2022 и 01-2956/1 од 30.08.2022 и 01-638/1 од 13.02.2024 и 01-3210/1 од 05.09.2024 година.

Член 2

Во членот 6 став (2), работни места на административни службеници, ниво В4, се намалува бројот на работни места од 3 на „2" и се брише точка 2, назив на работно место помлад соработник за ИТ поддршка.

Член 3

Во членот 6 став (2), работни места на даватели на јавни услуги, категорија А - уметници, ниво А4, се зголемува бројот на работни места од 18 на „19" и се додава точката:

| Р.бр. | Назив на работно место | Број на извршители | Пополнети |
|---|---|---|---|
| 19. | Педагог репетитор | 1 | 0 |

Член 4

Во членот 6 став (2), работни места на даватели на јавни услуги, категорија А - уметници, ниво А6, во точка 5, назив на работно место хористи, се намалува бројот на извршители од 80 на „78".

Член 5

Во членот 6 став (2), работни места на даватели на јавни услуги, категорија Б-уметнички соработници за подготвување на сценски и музичко-сценски дела, ниво Б1, се зголемува бројот на работни места од 3 на „4" и се додава точката:

| Р.бр. | Назив на работно место | Број на извршители | Пополнети |
|---|---|---|---|
| 4. | Режисер | 1 | 0 |

Член 6

Во членот 6 став (2), работни места на даватели на јавни услуги, категорија Б-уметнички соработници за подготвување на сценски и музичко сценски дела, ниво Б2, во точка 4, назив на работно место костимограф-асистент, се зголемува бројот на извршители од 1 на „2“.

Член 7

Во членот 6 став (2), работни места на даватели на јавни услуги, категорија А, ниво А5, се зголемува бројот на работни места од 13 на „14“ и се додава точката:

| Р.бр. | Назив на работно место | Број на извршители | Пополнети |
|---|---|---|---|
| 14. | Друг уметник трета група - одговорен нототекар | 1 | 0 |

Член 8

Во членот 6 став (3), работни места на помошно-техничките лица, во точка 27, назив на работно место реквизитер, се намалува бројот на извршители од 4 на „3“.

Член 9

Во табеларниот приказ на работни места, член 15, во организационата единица сектор за ИТ поддршка, работното место под реден број 4, шифра КУЛ0102В04004, назив на работно место помлад соработник за ИТ поддршка, со број на извршители 1, се брише.

Член 10

Во табеларниот приказ на работни места, член 15, во организационата единица Уметнички ансамбл - Опера, оддел за уметничко раководење, по работното место под реден број 30, назив на работно место асистент хор мајстор, шифра КУЛ0304А05012, се додава ново работно место со реден број 30.а, кое гласи:

| | |
|---|---|
| Реден број и шифра | 30.а КУЛ 03 04 Б01 002 |
| Звање на работно место | Режисер |
| Назив на работно место | Режисер |
| Ниво | Б1 |
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | Хуманистички науки; Уметности (уметност, историја на уметност, изведувачки уметности, музика) |
| Други посебни услови | Режисер на 10 наслови |
| Работни цели | Режирање претстави и други проекти |
| Работни задачи | - го осмислува режисерскиот концепт на претставата и го води процесот на поставување на претставата на сцена<br>- ги води режиските проби на претстави во кои се јавува како режисер, и обновите на други тековни претстави<br>- ја следи продукцијата и предлага мерки за поквалитетно работење<br>- ги координира и контролира сите аспекти од процесот на подготовка на претставите<br>- дава упатства за дејствијата на сцена<br>- ги реализира пробите и е одговорен за изведбата на програмата под негово |

| | |
|---|---|
| | водство<br>- го оформува крајниот изглед на претставата/проектот<br>- се грижи за дисциплината за време на одржување на пробите<br>- учествува во доделувањето на улоги. |
| Одговара пред | Уметничкиот раководител на Операта |

Член 11

Во табеларниот приказ на работни места, член 15, во организационата единица Уметнички ансамбл - Опера, оддел за уметничко-техничка поддршка, по работното место под реден број 38, шифра на работно место КУЛ0304Г02009, назив на работно место стручен соработник за музичка архива, се додава ново работно место со реден број 38.а., кое гласи:

| | |
|---|---|
| Реден број и шифра | 38.а КУЛ0304А05013 |
| Звање на работно место | Друг уметник трета група |
| Назив на работно место | Друг уметник трета група-одговорен нототекар |
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | Хуманистички науки: Уметности (уметност, историја на уметност, изведувачки уметности, музика) или средно музичко образование |
| Други посебни услови | / |
| Работни цели | Организирање и координирање на активностите со цел подготовка на нотен материјал |
| Работни задачи | - Го организира процесот на работа на музичката архива (нототека), со цел обезбедување на потребниот нотен материјал<br>- Стручно ги обработува нотните записи<br>- Врши распишување на нотен материјал<br>- Дава упатства и насоки за подготовка на нотниот материјал и негово средување на прегледен и лесно достапен начин<br>- Доставува извештај за состојбата на нотниот материјал согласно претстојната програма за работа со предлог мерки за навремено обезбедување на потребните нотни материјали<br>- Ја координира работата на музичката архива во согласност со распоредот за работа на операта. |
| Одговара пред | Уметнички раководител на Опера |

Член 12

Во табеларниот приказ на работни места, член 15, работно место под реден број 87, шифра КУЛ0304А06003, назив на работно место хорист, во делот број на извршители бројот 80 се менува и гласи „78".

Член 13

Во табеларниот приказ на работни места, член 15, во организационата единица Уметнички ансамбл - Балет, оддел за уметничко раководење, по работното место под реден број 89, шифра на работно место КУЛ0304А04020, назив на работно место корепетитор во Балет, се додава ново работно место со реден број 89.а., кое гласи:

| | |
|---|---|
| Реден број и шифра | 89.а КУЛ0304А04022 |
| Звање на работно место | Педагог репетитор |

| | |
|---|---|
| Назив на работно место | Педагог репетитор |
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | Хуманистички науки: Уметности (уметност, историја на уметност, изведувачки уметности, музика) или средно музичко-балетско образование |
| Други посебни услови | / |
| Работни цели | Да се грижи за техничката подготвеност на балетските играчи |
| Работни задачи | - Го увежбува балетскиот ансамбл и балетските уметници солисти<br>- Води секојдневни кондициони вежби<br>- Се грижи за техничката подготвеност на балетските игражи<br>- Повремено присуствува на проби и го следи ефектот од педагошката работа<br>- Дава мислење во врска со поделбата на улогите. |
| Одговара пред | Уметнички раководител на Балет |

Член 14

Во табеларниот приказ на работни места, член 15, во организационата единица Сценска техника, работно место под реден број 109.а, шифра на работно место КУЛ0304Б02003, назив на работно место костимограф-асистент, во делот број на извршители, бројот 1 се менува и гласи „2“.

Видот на образование се менува и гласи: Хуманистички науки: Уметности (уметност, историја на уметност, изведувачки уметности, музика).

Член 15

Во табеларниот приказ на работни места, член 15, во организационата единица Сценска техника, работно место под реден број 117, шифра на работно место КУЛ0405Б01008, назив на работно место реквизитер, во делот број на извршители, бројот 4 се менува и гласи „3“.

Член 16

Овој правилник влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Управниот одбор и Министерството за јавна администрација.

В.д.директор
Оливер Арсовски